**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 2**
**16.03. 2011 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за човечки ресурси,**
**правни и општи работи**

**Март, 2011**

**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од Дваесеттата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево", актите на Советот на Општина Делчево, коишто Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Дваесетта седница, одржана на ден 15.03.2011 година** и тоа:

1. Завршна сметка на Општина Делчево за 2010 година;

2. Одлука за усвојување на Завршната сметка на Општина Делчево за 2010 година;

3. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај на Општина Делчево за 2010 година;

4. Заклучок за усвојување на Буџетски календар за 2012 година;

5. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за 2010 година;

6. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната Програма за работа во учебната 2010/2011 година.

7. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2010 година;

8. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2010 година;

9. Заклучок за давање согласност на Одлуката за расходување и продавање на стар неупотрблив инвентар бр.02-138/1 од 28.02.2011 година;

10. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2010 година;

11. Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД „Брегалница" за 2010 година;

12. Извештај за реализацијата на Програмата за управување со отпад во Општина Делчево за 2010 година;

13. Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2011 година;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08- 734/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**16.03. 2011 год.** **Градоначалник,**
**Делчево** **Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М број 5/2002) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 20. редовна седница одржана на ден 15.03. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Завршната сметка на**
**буџетот на ЕЛС-Делчево за 2010 година**

**Член 1**

Се усвојува Завршната сметка на буџетот на ЕЛС - Делчево за 2010 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник"на општина Делчево.

**Број 07-713/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2011година** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/20002) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 20.редовна седниоца одржана на ден 15.03. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај**
**на Општина Делчево за 2010 година**

Член 1

Се усвојува Годишниот Извештај на Општина Делчево за 2010 година.

Член 2

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-714/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 20.редовна седница, одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Буџетскиот календар**
**за 2012 година**

1. Се усвојува Буџетскиот календар за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-715/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 20.седница одржана на ден 15.03. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2010 на**
**СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево**

I

Се усвојува Годишната сметка на СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево" за 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-716/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 20.седница одржана на ден 15.03. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација Годишната Програма за работа во учебната 2010/2011 на СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево**

I

Се усвојува полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа на СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево" за 2010/2011 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-717/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 20.седница одржана на ден 15.03. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2010 година на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево**

I

Се усвојува Годишната сметка на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево" за 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-718/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 20.седница одржана на ден 15.03. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2010 на**
**ООУ "Ванчо Прке"-Делчево**

I

Се усвојува Годишната сметка на ООУ "Ванчо Прке"-Делчево" за 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-719/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 став и член 64 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 20.седница одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за расходување и продавање**
**на стар неупотреблив инвентар**
**бр.02-138/1 од 28.02.2011**

I

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ ,, Ванчо Прке,, бр. 02-138/1 од 28.02.2011 за расходување и продавање на стар неупотреблив инвентар.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-720/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на продолжението на 20.седница одржано на 15.03. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2010 година**
**на ЈПКД "Брегалница"-Делчево**

1. Се усвојува Годишната сметка за 2010 година на ЈПКД "Брегалница"-Делчево.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-721/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски,,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево својата 20 редовна седница одржана на 15.03.2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работата**
**на ЈПКД "Брегалница"-Делчево за 2010 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на ЈПКД "Брегалница"-Делчево за 2010година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07- 722/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за управување со отпадот во Општина Делчево
за 2010 година

Согласно член 19 од Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04) Општина Делчево изготви Програма за управување со отпадот за 2010 год. и истата е усвоена од страна на Советот на Општината.

Програмата за управување со отпадот е дел од планот за управување со отпадот на општина Делчево за период од 2008-2015 год. , а кој е во согласност со Националниот план за управување со отпадот на Р. Македонија.

**ОБЛАСТ 1: Приклучување кон регионалниот систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад, затворање и ремедијација на постојната депонија.**

Континуирано се одржуваат консултативни состаноци со општините од Брегалничкиот регион и МЖСПП за реализација на концептот за управување со отпад. Како резултат на овие активности е формирано меѓуопштинско јавно претпријатие за комунални дејности.

Организирани се средби со бизнис секторот за прифаќање на концептот за регионална депонија за комунален цврст отпад.

Покрената е иницијатива и при крај се активностите за рециклирање на инертниот отпад (градежен шут) по метода на јавно приватно партнерство.

**ОБЛАСТ 2: Итна интервенција во системот за собирање на комуналниот цврст отпад.**

Извршена е замена или поправка на дотраените садови за собирање на отпадот. Поставени се садови пред нововселените колективни станбени згради. Одредени се микро локациите за садовите од 1,1м3.

Зголемен е опфатот на корисниците на услугите во руралните населби. Зголемен е бројот на поставени садови во Габрово и Звегор додека во тек е постапката за организирано собирање на комуналниот цврст отпад и во Стамер, Град, Вирче и Трабротивиште.

Програмата во делот: набавка на садови за стара хартија и ПЕТ- амбалажа не е реализирана и истата е предвидена за реализација во 2011 год.

**ОБЛАСТ 3: Превенција на отпад**

Наведената област се состои од три задачи и тоа: јавна кампања и едукација, организирани акции за донирање и воспоставување на понуди и побарувачка на користени предмети. За таа цел се користени двата локални електронски медиуми и општинското гласило „ Инфо" но не во доволна мерка.

**ОБЛАСТ 4: Акции за организирање на систем на селективно собирање и рециклирање - Пилот проект**

Областа опфаќа две задачи: Реализација на јавна кампања за потребата на селективно собирање и рециклирање на отпадот и воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ- амбалажа и искористени батерии.

За реализација на овие задачи воспоставена е соработка со правното лице „Сидра"- ДООЕЛ и на неколку места(обично кај поголемите маркети) се поставени садови за собирање отпадна хартија и картонска амбалажа, додека со собирање на искористени батерии не е отпочнато.

**ОБЛАСТ 5: Компостирање на биоразградлив отпад**

Областа 5 содржи две задачи: воведување домашно компостирање и воведување на централизирано компостирање. Не се реализирани задачи од оваа мерка.

**ОБЛАСТ 6: Диви депонии**

Во 2009 година е извршено чистење на три диви депонии, додека во 2010 не се евидентирани нови диви депонии.

**ОБЛАСТ 7: Мониторинг на спроведување на програмата**

Областа 7 има 5 задачи. Не е формиран локален комитет за следење на спроведувањето на мониторингот, ниту е формирана база на податоци. Изготвен е годишен извештај за спроведување на програмата за 2009. Истиот е усвоен од страна на Советот на Општината и доставен до МЖСПП .

Изготвена е Програма за управување со отпад за 2011 и истата е доставена до Советот на Општина Делчево за нејзино усвојување.

**ОБЛАСТ 8: Иницијатива за покренување на активности од страна на МЖСПП**

Областа содржи три мерки: Решавање на проблемот со управување на медицинскиот отпад, решавање на проблемот со управување на отпадот од искористени гуми од возила и масла и решавање на проблемот со управување со отпадот од животинско потекло (животински мрши и делови од животни).

Медицинскиот отпад е во надлежност на МЖСПП. Истиот во општината од страна на создавачите се селектира, но пак се носи на депонијата за комунален цврст отпад.

Отпадните гуми од автомобилите и масла од создавачите ги превземаат правни лица, но проблемот треба да се реши интегрално на централно ниво.

Што се однесува до проблемот со управување на отпадот од животинско потекло, покрената е постапка (избрана е локација и изработен план) за изградба на гробница (јама) за животински мрши, но со нејзина изградба сеуште не е отпочнато.

**Број 07-723/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад ("Сл.весник на РМ"бр.68/2004), а согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ "бр.5/2002),Советот на Општина Делчево ,на својата 20.редовна седница одржана на ден 15.03.2011год.,донесе

# ПРОГРАМА
## за управување со отпад за 2011 година
## во Општина Делчево

Согласно чл.19 од Законот за управување со отпад ("Сл.весник на РМ"бр.68/2004), за ефикасно спроведување на своите планови за управување со отпадот, Општината изготвува Годишна програма. Општинските планови и програми се во согласност со плановите и програмите донесени на национално ниво.

Со оваа Програма се определуваат:
- -задачите и активностите
- -изворите на финанасирање на активностите за управување со отпадот
- -институциите одговорни за спроведување на активностите.

Согласно чл.23, став 2 и 3 од Законот за заштита на животната средина, Градоначалникот е должен до МЖСПП да достави извештај за спроведување на програмата, најдоцна до 28 февруари во тековната година за претходната година.

Доставениот извештај мора да биде усвоен од страна на Советот на Општината.

Програмата за управување со отпад за 2011 година е направена според Планот за управување со отпад (2008-2012) , донесен од страна на Советот на Општина Делчево на 27.06.2008 год.

**ОБЛАСТ 1: Прклучување кон регионалниот систем за собирање , транспортирање и депонирање на отпад, затварање и ремедијација на постојната депонија**

| **задачи** | **активности** | **одговорна институција** | **буџет** | **извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| Лобирање кај власта за спроведување на активностите од физибилити студијата за Брегалничкиот регион | Организирање на консултативни состаноци со општините од Брегалничкиот регион и МЖСПП за реализација на концептот за управување со отпад | Општина Делчево во соработка со другите општини од Брегалничкиот регион | 6.000,00 денари | Сопствени средства |
| Подготовка на граѓаните за прифаакање на регионалниот | Организирање на јавни кампањи преку средби во сите месни заедници и бизнис сектори за прифаќање на концептот за | Одговорни лица од општината,претседа тели на месните заедници,испектор | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| концепт | регионална депонија како и покривање на целокупните трошоци(можност за промена на цените на услугите | за животна средина и комунални дејности | 20.000,00 денари | Сопствени средства |
| Изработка на барање за финансирање на проект од сретства на ИПА | Обезбедување на техничка помош за изработка на барањето и негово поднесување | Меѓуопштинско претпријатие во соработка со општините и МЖСПП | 12.000.000,0 0 денари | ИПА-фонд МЖСПП |
| Изнаоѓање на извори на кофинансирање на проектот | анализа на можните извори на кофинансирање(сопствени средства, донации од други институции и комерцијални кредити) | Меѓуопштинско претпријатие во соработка со општините и МЖСПП | -------------- | МЖСПП Донатори Банки |
| Изработка на проектот за системот за управување со отпад | Изработка на :Идеен проект, Главен проект и Изведбен проект.Спроведување на тендерска постапка според правилата на ИПА | Мегуопштинско претпријатие во соработка со општините и МЖСПП | 60.000,00 денари | ИПА-фонд Буџет на РМ сопствени средства |

**ОБЛАСТ 2**: **Итна интервенција во системот за собирање на комунален отпад**

| задачи | активности | одговорна институција | буџет | извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Замена на дотраените садови за собирање на отпад со нови | -Отстранување на старите садови;<br>-Поправка каде е можно ;<br>-Пренамена за селективно собирање;<br>-Замена на постојаните контејнери од1.1м3 со канти од 0.12м3 (дозавршување на акцијата)<br>-Набавка на садови за хартија и ПЕТ-амбалажа | Општина Делчево ЈПКД"Брегални-ца"-Делчево | 300.000,00 денари | Сопствени средства |
| Набавка на садови за руралните населби | -Набавка на контејнери (поправка каде е можно)<br>-Одредување на локации | Општина Делчево ЈПКД"Брегалница "-Делчево | 1.500.000,00 денари | Сопствени средства |

**ОБЛАСТ 3: Превенција на отпад**

| задачи | активности | одговорна институција | буџет | извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Јавна кампање и едукација | -Изработка на брошури;<br>-Изработка на информативни ливчиња;<br>-Информирање на граѓаните преку јавните гласила; | Општина Делчево НВО | 600.000,00 денари | Сопствени средства МЖСПП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -Одржување обуки | | | донатори |
| Организирани акции за донирање | -Организирање на акции во училиштата;<br>-Организирање општинска акција за денот на општината | Општина Делчево<br>Училиштата<br>Црвен крст<br>НВО | 30.000,00 денари | Сопствени средства |
| Воспоставување на понуда и побарувачка на неискористени предмети | -Користење на "ИНФО"-Делчево за бесплатни огласи"Барам-Подарувам" | Општина Делчево | 6.000,00 денари | Сопствени средства |

**ОБЛАСТ 4: Акции за организирање на систем за селективно собирање и рециклирање-Пилот проект**

| **задачи** | **активности** | **одговорна институција** | **буџет** | **извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| Реализација на јавна кампања за потребата на селективно собирање и рециклирање | -Изработка и дистрибуција на информативни листови(заедно со комуналната сметка) со кои ќе им се укаже на грѓаните за потребите, начинот и местата каде да го депонираат отпадот од хартија, пластика и батерии<br>-Работни средби помеѓу граѓаните и НВО-и<br>-Информирање на граѓаните преку "ИНФО"-Делчево | Општина Делчево<br>ЈПКД"Брегалница"-Делчево | 60.000,00 денари | Сопствени средства<br>МЖСПП<br>донации |
| Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ-амбалажа и батерии | -Набавка и поставување на садови за селективно собирање на отпад;<br>-Поставување на информативни табли за кој вид отпад да се депонира;<br>-поставување на сандачиња за оставање на искористени батерии | Општина Делчево<br>ЈПКД"Брегалница"-Делчево<br>НВО | 60.000,00 денари | Сопствени средства<br>МЖСПП<br>донации |

**ОБЛАСТ 5: Компостирање на био разградлив отпад**

| **задачи** | **активности** | **одговорна институција** | **буџет** | **извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| Воведување на домашно компостирање | -Јавна кампања<br>-Поставување на демострационен компостер и демострационо компостирање во Градскиот парк под управување на ЈПКД"Брегалница"-Делчево со употреба на биоразградлив отпад од јавните зелени површини и зелениот пазар | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -Едукација на вработените во ЈПКД"Брегалница" и домаќинствата вклучени во пилот проектот<br>-Изработка и дистрибуција на кратки упатства како практично да се изведува компостирањето<br>-Изработка(набавка)на компостери<br>-Промоција на резултатите | Општина Делчево<br>ЈПКД"Брегалница"-Делчево<br>НВО | 600.000,00 денари | Сопствени средства<br>МЖСПП<br>донации |
| Воведување на централизирано компостирање | -Анализа на моделите за централизирано компостирање (избор на модел)<br>-Јавна кампања<br>-Едукација<br>-Изградба и опремување на централни компостери<br>-Набавка на мобилна дробилка за крупен био-разградлив отпад<br>- Промоција на резулати | Општина Делчево<br>ЈПКД"Брегалница"-Делчево<br>НВО | 10.000.000,00 денари | Сопствени средства<br>МЖСПП<br>донации |

**ОБЛАСТ 6:Диви депонии**

| задачи | активности | одговорна институција | буџет | извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на план за затварање на диви депонии | -Анализа на теренот;<br>-Проценка на ризик;<br>-Проценка на финансиските средства потребни за затварање на дивите депонии;<br>-Рангирање на дивите депонии по приоритет | Општина Делчево | 200.000,00 денари | Сопствени средства<br>донатори |
| Расчистување на диви депонии по приоритет | -Распишување на тендер за затварање и ремедијација на дивите депонии;<br>-Избор на најповолен изведувач;<br>-Надзор при вршењето на работите | Општина Делчево<br>Фирма одбрана на тендер | 300.000,00 денари | Сопствени средства<br>МЖСПП<br>донатори |

**ОБЛАСТ 7:Мониторинг на спроведување на програмата**

| задачи | активности | одговорна институција | буџет | извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на локален комитет за следење на спроведувањето на мониторингот | -Организирање на состанок на кој ќе се формира комитет за следење на спроведувањето на планот<br>-Одржување на редовни работни состаноци | Општина Делчево | ------------- | ------------- |
| Формирање на база на податоци | -Одредување на одговорно лице за одржување на базата на податоци; | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -Редовно доставување на извештај (еднаш месечно)од ЈПКД"Брегалница"и Испекторот за животна средина и комунални работи до одговорното лице;<br>-Анализа на податоците и резултатите | Општина Делчево | ------------- | -------------- |
| Отценување на спроведеното | Мерење на постигнатите резултати споредени со планот (задача на локалниот комитет) | Општина Делчево | --------------- | -------------- |
| Изготвување на годишен извештај | -Изготвување на годишен извештај врз основа на заклучоците на локалниот комитет;<br>-Усвојување на извештајот од Советот на Општината;<br>-Доставување на извештај до МЖСПП | Општина Делчево | ------------- | -------------- |
| Изработка на програма за управување со отпад за 2011 година | -Анализа на евентуално ажурирање на планот;<br>-Изработка на програма со детални акции за проширување на започнатите активности во 2010 год.;<br>-Усвојување на програмата од Советот на Општината | Општина Делчево | -------------- | -------------- |

**ОБЛАСТ 8:Иницијатива за покренување на активности од страна на МЖСПП**

| **задачи** | **активности** | **одговорна институција** | **буџет** | **извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| Решавање на проблемот управување со медицински отпад | -Поддршка на иницијативата на МЖСПП за централно(регионално) управување со медицински и опасен отпад | Општина Делчево | -------------- | -------------- |
| Решавање на проблемот управување со отпадни гуми и масла | -Иницирање на интегрално решавање на проблемот на централно ниво за трајно решавање на проблемите | Општина Делчево | -------------- | -------------- |
| Решавање на проблемот управување со отпад од животинско потекло (лешови на животни) | -Покренување на постапка за изградба на јама(гробница)за животински лешови;<br>-Избор на локација;<br>-Изработка на план;<br>-Изградба | Општина Делчево | ------------ | -------------- |

Реализацијата на Програмата ќе зависи од средствата кои ќе бидат обезбедени од страна на Општина Делчево, од Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ и средства од донатори.

**Број 07-724/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**